РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-948/2
08-03-2021

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46-та седница одржана на ден 12.02.2021 година, ДКСК донесе

# ОДЛУКА

**Се констатира состојба на судир на интереси, кај лицето -------** – В.Д Директор на ЈП -------, затоа што по именување на наведената функција, продолжило како сопственик да управува со трговско друштво ---------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно член 114 став 3 в.в член 45 став 1, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се поведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице -------- – В.Д Директор на ЈП --------.

## Образложение

Предметот со број 09-948/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјава за интереси поднесена од ---------- – В.Д Директор на ЈП ------, поради тоа што по именување на наведената функција, управувал како сопственик со трговското друштво -------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на избрано или **именувано** лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, **доколку управува со трговско друштво** или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

Лицето --------- е именувано за ВД Директор на ЈП --------. По проверка во Дистрибутивниот систем на Централниот Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице како сопственик управува со трговското друштво ---------.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оваа Одлука се доставува до службеното лице ----------- – В.Д Директор на ЈП ---------, со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, **односно управувањето со трговското друштво --------- да го довери на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство.**

Службеното лице --------- – В.Д Директор на ЈП ----------, потребно е да ја извести повратно ДКСК со приложување на доказ за постапување **во рок од 15 дена од доставување на оваа одлука**.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК на именуваното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Врз основа на вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на 12.02.2021 година, одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., советник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК